Врз основа на член 130 став 1 алинеја 20 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14) член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14 и 199/14), директорот на **ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ** на 12.02.2016 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"КРУМЕ КЕПЕСКИ"
Бр.01-97/2
12.02 2016 год.
СКОПЈЕ

**П Р А В И Л Н И К**
**за систематизација на работните места**
**во ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ, општина Кисела Вода- Скопје**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во **ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ** распоредот, шифрите, назвите и описот на работните места по организациони единици (служби) и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Бројот на извршители на работните задачи се менува во зависност од промените што настануваат со зголемување или намалување на обемот на истите.

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ.

**Член 4**

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во ООУ КРУМЕ КЕПЕСКИ е дадена во Прилог 1 и е составен дел од овој Правилник.

**Член 5**

Под работни задачи во смисла на овој Правилник се подразбира збир на исти или слични работни операции во рамките на дејноста на училиштето на кои работат еден или повеќе извршители.

Работите, односно работните задачи имаат свои називи кои се употребуваат во вообичаената терминологија.

**Член 6**

За секоја работа, односно работна задача, се утврдуваат условите за вршење на работата во поглед на стручната подготовка и работните способности кои треба да ги има извршителот при засновање на работен однос и за вршење на работата и работните задачи.

**Член 7**

При утврдувањето на условите за вршење на работата и работните задачи ќе се води сметка за пропишаните услови со Законот за вработени во јавнот сектор, Законот за административните службеници,

| | |
|---|---|
| | - Вршимесечнипреглединатехничкаисправностнаопремата и средстватазагаснењенапожари;<br>- Контрола на водовод и канализација<br>- Контрола на електрична инсталација<br>- Контрола и управување со ПП апарати |
| Одговара пред | Директор |

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

**Член 25**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за систематизација со број 01-484/2 од 30.09.2010 година.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-97/2

12.01.2016 година

Директор

Павлина Трипуновска